Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги



# АНАЛИЗА
# НА МЕДИУМСКАТА СОПСТВЕНОСТ
# ВО 2021 ГОДИНА

Јуни, 2021 година

## СОДРЖИНА


ВОВЕД .......................................................................................................................... 3

СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ.......................................................... 4

Телевизии на државно ниво.................................................................................................. 4

Телевизии на регионално ниво.............................................................................................. 9

Телевизии на локално ниво ................................................................................................ 12

Радиостаници на државно ниво .......................................................................................... 13

Радиостаници на регионално ниво ...................................................................................... 14

Радиостаници на локално ниво ........................................................................................... 16

ИНТЕГРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ КАЈ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ................................................... 20

ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2020 ГОДИНА .... 21

СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ........................ 233

## ВОВЕД

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја изработи оваа анализа со цел да обезбеди поголема транспарентност на сопственоста на медиумите, притоа користејќи официјални податоци за сопственичката структура на радиодифузерите од Централниот регистар на РС Македонија, а за издавачите на печатени медиуми и податоци од објавите во дневен весник коишто тие ги извршиле во рамки на исполнувањето на законската обврска да обезбедат јавност во работењето.

Оваа е трета анализа за сопственичката структура на медиумите и таа, освен податоци за актуелните сопственици на телевизиите, радиостаниците и издавачите на печатени медиуми, содржи и податоци за интеграцијата на капиталот кај радиодифузерите и за промените во сопственичката структура на радиодифузерите коишто Агенцијата ги одобри во текот на 2020 година.

Во моментот на пишување на оваа анализа, дозвола да емитуваат програма имаат вкупно 111 радиодифузери, и тоа 45 телевизии и 66 радиостаници, а во регистарот на издавачи на печатени медиуми кој го води Агенцијата се евидентирани 22 субјекти, кои издаваат 27 печатени медиуми.

Како сопственици на телевизии се јавуваат 12 правни и 39 физички лица. Поточно, во сопственост на правни лица се телевизиите Алфа, Алсат-М, Сител, Телма, Компани 21-М, Шења, Клан, 24 Вести, Сити, Ирис, К&М, М НЕТ-ХД и Ера.

Како сопственици на некоја радиостаница се јавуваат 11 правни и 65 физички лица. Во сопственост на правни лица се Канал 77, Урбан ФМ, Лидер, ПРО-ФМ, Свети Николе, Енџелс, студентските радија СТУДЕНТ ФМ 92.9, УКЛО ФМ и УГД ФМ и верското радио Марија-Благовест.

Сопственичка поврзаност кај радиодифузерите постои во четири случаи, и тоа помеѓу: ТВ Шења и ТВ Ера, Наша ТВ и РА РФМ, ТВ Полог и ТВ Ускана медиа и помеѓу РА Метрополис и РА Сити.

Странски лица (правни и физички) се јавуваат како сопственици на четири радиодифузери - ТВ Компани 21-М, ТВ Клан, ТВ 24 Вести и РА 7.

Во 2020 година, Агенцијата одобри промена во сопственичката структура на три радиостаници (РА Фама, РА Кисс и РА Јон) и на една телевизија (ТВ Канал Визија).

Како сопственици на издавач на печатен медиум се јавуваат 39 физички и шест правни лица, од кои три се здруженија, издавачи на печатените медиуми „Шења“, „Зелена берза“ и „Лице в лице“.

## СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

### Телевизии на државно ниво

Телевизиска програма на ниво на целата држава емитуваат 11 радиодифузери. Од нив, седум се во целосна сопственост на правни лица (ТВ Алфа, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Компани 21-М, ТВ Шења, ТВ Клан и ТВ 24 Вести), три се во целосна сопственост на физички лица (ТВ Канал 5, ТВ Сонце и Наша ТВ), а еден е во сопственост на едно правно и две физички лица (ТВ Алсат-М).

**Табела 1: Сопственичка структура на телевизиите на државно ниво**

| телевизија | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|
| ТВ Алфа | АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт Скопје - 100% |
| ТВ Алсат-М | ▪ Ферик Велија - 0.07%<br>▪ Имихане Велија - 0.07%<br>▪ Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРОУП ДОО Скопје - 99.86% |
| ТВ Канал 5 | Емил Стојменов - 100% |
| ТВ Сител | МОНТЕКО - 100% |
| ТВ Телма | Макпетрол АД Скопје - 100% |
| ТВ Компани 21- М | КОМПАНИ 21 ДОО, Приштина, Косово - 100% |
| ТВ Шења | Друштво за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје - 100% |
| ТВ Клан | АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ТВ КЛАН, Тирана, Албанија - 100% |
| ТВ Сонце | Ѓорѓија Атанасоски - 100% |
| ТВ 24 Вести | Цабле 24 ДОО Линц, Австрија - 100% |
| Наша ТВ | Ристо Гоговски - 100% |

Сопственик на ТВ Алфа е Трговското друштво со ограничена одговорност за промет и услуги АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт Скопје. Како сопственици на ова правно лице се јавуваат Друштвото за услуги ЦХС ИНВЕСТ ГРОУП ДОО Скопје и акционерските друштва АД Европа, Макошпед АД и Технометал-Вардар извоз-увоз АД Скопје-во стечај.

Според податоците од веб страницата на Централниот депозитар за хартии од вредност (состојба на 18.05.2021 година), повеќе од 5% од која било класа на хартии од вредност во АД Европа поседуват следните правни и физички лица: Друштво за трговија, производство и услуги АС СЕЊАК увоз-извоз Селаудин Арифи ДООЕЛ (18%), Друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД (21,77%), Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење,

производство и промет МАКОШПЕД АД (19,90%), Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА (10%), Есамедин Хасани (8,20%) и Мила Левентич (8,68%)[1].




Над 5% од која било класа на хартии од вредност во МАКОШПЕД АД поседуват: Друштвото за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈД Илија и др. ДОО (16,60%), Трговското друштво за трговија на големо и мало МЕПКОМ Кочо и други ДОО увоз извоз (19,03%), УГОТУР Акционерско друштво за организациона исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и трговија Скопје (15,22%) и Трговското друштво за меѓународна

[1] Податоците се достапни на: http://www.cdhv.mk/5Procenti_tabela.aspx?MB=04054016&lng=1&date=18.05.2020

шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет МАКОШПЕД АД (10%)[2].

Мнозински содружник во ТВ Алсат-М, со учество од 99,86% во основачкиот капитал на радиодифузерот, е правното лице Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРОУП ДОО Скопје, чијшто сопственици се Зана Велија и Имихане Велија. Како сопственици на ТВ Алсат-М се јавуваат и физичките лица Ферик Велија и Имихане Велија, секое со учество од 0,07% во основната главнина.




Единствен сопственик на ТВ Сител е правното лице - Друштво за трговија МОНТЕКО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, кое е во целосна сопственост на физичкото лице Горан Ивановски.




[2] Податоците се достапни на: http://www.cdhv.mk/5Procenti_tabela.aspx?MB=04058526&lng=1&date=18.05.2020

Сопственикот на ТВ Телма – МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, е акционерско друштво кај коешто, согласно податоците од Централниот депозитар за хартии од вредност, инвеститори кои поседуваат над 5% од која било класа на хартии од вредност се МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати (9,79%) и Командитно друштво со акции за транспорт ОИЛКО Скопје (22,87%)[3]. Најмногу акции во ОИЛКО, пак, имаат МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати (35,61%) и физичкото лице Андреја Јосифовски (14,98%)[4].




ТВ Компани 21-М е во сопственост на странско правно лице. Станува збор за Компани 21 ДОО, кое е со седиште во Приштина, Косово. Сопственици на ова друштво се четири физички лица, од кои едно има удел во сопственоста од 60%, едно 20% и две по 10%.




[3] Податоците се достапни на: http://www.cdhv.mk/5Procenti_tabela.aspx?MB=04057643&lng=1&date=18.05.2020
[4] Податоците се достапни на: http://www.cdhv.mk/5Procenti_tabela.aspx?MB=06178774&lng=1&date=18.05.2020

ТВ Шења е во сопственост на Друштвото за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје, а како краен сопственик се јавува физичкото лице Таџудин Шабани.




Второто странско правно лице кое е сопственик на телевизија на државно ниво е Акционерското друштво ТВ КЛАН од Тирана, Албанија. Ова друштво има двајца акционери – физичките лица Алба Гина, кое поседува 40% од акциите, и Александар Франгај кое ги поседува останатите 60%.




Третата телевизија во сопственост на странско правно лице е ТВ 24 Вести. Единствен сопственик на овој радиодифузер е Цабле 24 ДОО од Линц, Австрија.



## Телевизии на регионално ниво

Дозвола да емитуваат програма на регионално ниво имаат 18 телевизии, од кои шест преку дигитален терестријален мултиплекс и 12 преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс. Како сопственици на овие телевизии се јавуваат пет правни и 16 физички лица.

**Табела 2: Сопственичка структура на телевизиите на регионално ниво**

| телевизија | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|
| ТВ Сити | Друштво за трговија и услуги ПРЕМИУМ АГС ДОО увоз-извоз Скопје - 100% |
| ТВ Тера | Зоран Манговски - 100% |
| ТВ М | Михајло Арнаудов - 100% |
| ТВ Стар | Симјончо Маријанов - 90%<br>Розетка Моневска - 10% |
| ТВ Канал Вис | Јанко Мицев - 100% |
| ТВ Ирис | Баргала АД Штип - 97,57%<br>Владимир Милановиќ - 2,43% |
| ТВ Кобра | Ленче Литајковска - 50%<br>Игор Литајковски - 50% |
| ТВ Полог | Мунир Мехдиу - 100% |
| ТВ Топестрада | Виган Ибиши - 100% |
| Телевизија 3 | Виктор Серафимов - 100% |
| ТВ К&М | Друштво за трговија и услуги КИСС & МЕНАДА ДОО Тетово - 100% |
| ТВ М НЕТ - ХД | Друштво за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип -100% |
| ТВ Едо | Енес Бабачиќ - 100% |
| ТВ Ера | Друштво за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје - 100% |
| ТВ МТМ | Гордана Андреевска - 100% |
| ТВ Шутел | Валентин Бајрам - 100% |
| ТВ КТВ | Ангел Данов - 100% |
| ТВ Коха | Меваип Абдиу - 100% |

Во сопственост на правни лица се ТВ Сити (со претходен назив - ТВ Амазон), ТВ К&М, ТВ М НЕТ – ХД и ТВ Ера (100% од основачкиот капитал) и ТВ Ирис (97,57% од основачкиот капитал).

Сопственик на ТВ Сити е Друштвото за трговија и услуги ПРЕМИУМ АГС ДОО увоз-извоз Скопје, кое пак е во сопственост на физичките лица Лидија Јошевска-Петровиќ и Иван Петровиќ.




Друго правно лице кое е сопственик на регионална телевизија е Друштвото за производство на чевли БАРГАЛА АД Штип[5], во чија сопственост е 97,57% од телевизија Ирис.




[5] 99% од акциите на ова акционерско друштво се во сопственост на физичкото лице Костадин Барзов

Единствени сопственик на ТВ К&М е правното лице Друштво за трговија и услуги КИСС & МЕНАДА ДОО Тетово, а негови сопственици се физичките лица Ивица Хаџииљоски, Ацо Новески и Александар Митковски.




Телевизијата М НЕТ – ХД е во целосна сопственост на Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип. И ова правно лице е во сопственост на три физички лица – Горан Христовски, Благој Серсемов и Трајче Андонов, секое со по 33,3% учество во основачкиот капитал.



Сопственик на ТВ Ера е Друштвото за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје. Ова правно лице е во сопственост на друго правно лице - Фондација за култура и образование КУЛТ ВИЗИОНИ Скопје, чијшто сопственик е физичкото лице Таџудин Шабани.




## Телевизии на локално ниво

Телевизиска програма на локално ниво емитуваат 16 радиодифузери и сите се во сопственост на едно или две физички лица. Имено, по двајца сопственици имаат само три локални телевизии - ТВ Нова од Гевгелија, ТВ Свет од Свети николе и ТВ Плус од Куманово.

Мнозински содружник во ТВ Нова е Јован Јованов, кој поседува 67% од основачкиот капитал на радиодифузерот, а сопственик на останатите 33% е Ѓорѓе Џундов. Сопственици на ТВ Свет се Драган Дечков, со удел од 51%, и Ѓорги Дечков, со удел од 49%. 66,7% од сопственоста на ТВ Плус ги поседува Ивана Петровска, а 33,3% Ристо Илиевски.

**Табела 3: Сопственичка структура на телевизиите на локално ниво**

| телевизија | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|
| ТВ Феста | Неџати Аќифи - 100% |
| ТВ Нова | Ѓорѓе Џундов - 33%<br>Јован Јованов - 67% |
| ТВ Кочани-ЛД | Лазо Димитров - 100% |
| ТВ Канал 8 | Тони Ајтовски - 100% |
| ТВ Протел | Чедо Петров - 100% |
| ТВ Канал 21 | Зоран Ставрев - 100% |
| ТВ Здравкин | Ангелче Здравкин - 100% |
| ТВ Свет | Драган Дечков - 51%<br>Ѓорги Дечков - 49% |
| ТВ Калтрина | Мазар Татеши - 100% |
| ТВ Спектра | Демиш Каримановски - 100% |

| | |
|---|---|
| ТВ Дибра | Илир Лела - 100 % |
| ТВ Гурра | Мерита Адиљи - 100% |
| ТВ Дуе | Назми Елези - 100% |
| Г-ТВ | Блерим Мустафи - 100% |
| ТВ Плус | Ивана Спасовска - 66.7%<br>Ристо Илиевски - 33.3% |
| ТВ Ускана медиа | Мунир Мехдиу - 100% |

## Радиостаници на државно ниво

Како сопственици на четирите радиостаници коишто емитуваат програма на државно ниво се јавуваат осум физички и едно правно лице, кое е сопственик на РА Канал 77.

Сопственици на РА Антена 5 се физичките лица Зоран Петров, Марјан Гушев и Коста Јаневски, на РА Метрополис - Дарко Гелев и Миле Ѓошевски, а на РА Јон – Гоце Стојковски, Фисник Татеши и Андреј Стојков. Во табелата подолу се дадени уделите во основачкиот капитал (во проценти), кои секое од овие лица ги поседува.

**Табела 4: Сопственичка структура на радиостаниците на државно ниво**

| радиодиостаница | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|
| РА Антена 5 | Зоран Петров – 33,3%<br>Марјан Гушев – 33,3%<br>Коста Јаневски – 33,3% |
| РА Канал 77 | Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип – 100% |
| РА Метрополис | Дарко Гелев – 50,04%<br>Миле Ѓошевски – 49,96% |
| РА Јон | Гоце Стојковски – 37,5%<br>Фисник Татеши – 37,5%<br>Андреј Стојков – 25% |

Сопственик на РА Канал 77 е Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, а негов сопственик е лицето Виктор Гаврилов.




## Радиостаници на регионално ниво

Само три од вкупно 17 радиостаници коишто емитуваат програма на регионално ниво се во сопственост на правни лица (РА Урбан ФМ, РА Лидер и Универзитетското радио Студент ФМ). Сопственици на останатите 14 се физички лица, и тоа две радиостаници имаат по двајца сопственици (РА ВАТ и РА Клуб ФМ), а 12 по еден сопственик.

**Табела 5: Сопственичка структура на радиостаниците на регионално ниво**

| радиодиостаница | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|
| РА Арачина | Муарем Исмаили - 100% |
| РА Буба Мара | Ранко Петровиќ - 100% |
| РА Ват | Рахим Кадри - 50%<br>Екрем Кадри - 50% |
| РА Зона М-1 | Светлана Тасевска - 100% |
| РА Урбан ФМ | Друштво за трговија и услуги УРБАН ВЕЈВ ДОО Скопје - 100% |
| РА Клуб ФМ | Ѓорѓи Савев - 34%<br>Елена Петреска - 66% |
| РА Лајф ФМ | Крешник Ајдини - 100% |
| РА Роса АБ | Александар Димитров - 100% |
| РА РФМ | Ристо Готовски - 100% |
| РА Сити | Дарко Гелев - 100% |
| РА Скај | Теодор Манески - 100% |
| РА Лидер | Друштво за промет и услуги ТИБЕЛ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје - 100% |
| РА Спортско радио 90,3 ФМ | Тони Митев - 100% |
| УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје – 100% |
| РА Капитол | Перо Ристоски - 100% |
| РА Фортуна | Виолета Божиноска - 100% |
| РА Џез ФМ | Љупчо Хаџи-Стефанов - 100% |

Првото правно лице кое се јавува како сопственик на регионална радиостаница е Друштвото за трговија и услуги УРБАН ВЕЈВ ДОО Скопје, сопственик на радиостаницата Урбан ФМ. Сопственици на ова правно лице се физичкото лице Иво Јанкоски и правното лице Футу Висион Холдинг Оу, со седиште во Финска. На графиконот во продолжение е претставена сопственичката структура на овој субјект до крајните сопственици.




Второто правно лице сопственик на регионално радио е Друштвото за промет и услуги ТИБЕЛ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје, во чија сопственост е РА Лидер. Сопственик на ова друштво е физичкото лице Асмира Кочан.




Третото правно лице кое се јавува како сопственик на радиодифузер во овој сегмент од пазарот е универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кој е основач на непрофитната радиодифузна установа Студент ФМ 92.9.

## Радиостаници на локално ниво

Сопственици на локални радиостаници се 42 физички и седум правни лица. Само четири од овие радиостаници (РА Валандово, РА Мерак 5 ФМ, РА Кочани ФМ и РА Свети Николе) имаат по двајца сопственици, додека останатите се во сопственост на по само едно лице (правно или физичко).

**Табела 6: Сопственичка структура на радиостаниците на локално ниво**

| радиодиостаница | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|
| Скај радио плус | Веселка Радинска - 100% |
| РА 106 | Кире Христовски - 100% |
| РА Актуел | Лазар Николоски - 100% |
| РА Б-97 | Марија Младеновска Димитровска - 100% |
| УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ | Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола – 100% |
| РА Валандово | Снежана Шунтова - 50%<br>Дионис Нунов - 50% |
| РА Голди | Маја Чадиева - 100% |
| РА Мерак 5 ФМ | Димче Саздов - 50%<br>Љупчо Несторов - 50% |
| РА Ла Коста | Дафинка Костадинова - 100% |
| РА Комета | Зоран Маџоски - 100% |

| | |
|---|---|
| РА ПРО-ФМ | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ 92 ЕКСКЛУЗИВ ДООЕЛ Гостивар - 100% |
| РА Балкан ФМ | Илкер Јусуф - 100% |
| РА Тајм | Павле Јовановски - 100% |
| РА Зора | Сунчица Маринкова-Сосиева - 100% |
| РА Галакси-2002 | Нада Ангелова - 100% |
| РА Кавадарци | Трајанка Митрова - 100% |
| РА Александар Македонски | Илија Таневски - 100% |
| РА Акорд | Зорица Ѓореска - 100% |
| РА Медисон | Нада Јосифоска - 100% |
| РА Ускана-Плус | Арбер Мехдиу - 100% |
| РА Кочани ФМ | Илчо Лазаровски - 50%<br>Илија Стефановски - 50% |
| РА Бум | Сузана Андоновиќ - 100% |
| РА Јехона ФМ | Бесим Шабани - 100% |
| РА Пулс | Марјан Тодоров - 100% |
| РА Лав | Иванчо Пашоски - 100% |
| РА Супер | Сашо Митаноски - 100% |
| РА 5 Чоки | Илија Бошкоски - 100% |
| РА Мефф | Билјана Јовеска - 100% |
| РА Холидеј | Ленче Андоноска - 100% |
| РА Пела | Гордана Цветаноска - 100% |
| РА Еко | Дарко Пановски - 100% |
| РА Модеа | Блаѓе Монев - 100% |
| РА Свети Николе | Пензиско и инвалидско осигурување Скопје - 12%<br>Меѓународен Славјански институт, Свети Николе - 88% |
| РА Плеј | Никола Бебекоски - 100% |
| РА Ррапи | Фисник Бектеши - 100% |
| РА Експрес | Соња Појразовска - 100% |
| РА Хит | Стево Трајков - 100% |
| РА Блета | Африм Рамадани - 100% |
| РА Кисс | Зоран Тодоровски - 100% |
| РА Плус Форте | Небојша Карапејовски - 100% |
| РА 7 | Енкелејда Шелбурне - 100% |
| РА Ред ФМ | Арба Мехмети 100% |
| РА Енџелс | Друштво за продукција, услуги и трговија ЕНЏЕЛС ПЛУС ДООЕЛ Штип - 100% |
| УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ | Универзитет “Гоце Делчев“ Штип – 100% |
| РА Марија - Благовест | Здружение РАДИО МАРИЈА МАКЕДОНИЈА Скопје - 100 % |

Во сопственост на правни лица се РА ПРО-ФМ, РА Свети Николе, РА Енџелс и непрофитните радиодифузни установи УКЛО ФМ (чиј основач е универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола), УГД ФМ од Штип (чиј основач е универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип) и верското радио Марија - Благовест (чиј основач е Здружението РАДИО МАРИЈА МАКЕДОНИЈА).

Сопственик на РА ПРО-ФМ (според податоците од тековната состојба на оваа радиостаница) е Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ 92 ЕКСКЛУЗИВ ДООЕЛ Гостивар, чиј единствен сопственик е Себахије Куртиши-Сејфулаи.




Меѓутоа, при увид во податоците од Тековната состојба на вистински сопственици за ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, издадена од Централниот регистар на РС Македонија, е констатирано дека вистински сопственик на овој радиодифузер е физичкото лице Арбен Сејфулаи, и тоа преку директна сопственост на уделите од 100%. Имајќи го предвид ова, Агенцијата ќе постапи согласно своите законски надлежности и ќе ги преземе сите мерки за утврдување на фактичката состојба.

Мнозински содружник во РА Свети Николе, со удел од 88% од основачкиот капитал, е Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ ИНСТИТУТ ДООЕЛ Свети Николе, а 12% се во сопственост на Пензиското и инвалидско осигурување Скопје – ПИОМ. Во јануари оваа година Агенцијата донесе одлука со која одобри промена во сопственичката структура на овој радиодифузер, и тоа за истапување на ПИОМ и за пристапување на физичкото лице Цветан Настевски. Меѓутоа, според податоците од тековната состојба за РА Свети Николе, издадена од Централниот регистар, до моментот на пишување на оваа анализа промената се уште не беше реализирана.

Единствен сопственик на Меѓународниот Славјански Институт е Меѓународниот Славјански Универзитет ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН Свети Николе, чиј сопственик, пак, е физичкото лице Јордан Ѓорчев.




РА Енџелс е во сопственост на правното лице Друштво за продукција, услуги и трговија ЕНЏЕЛС ПЛУС ДООЕЛ Штип, а негов сопственик е Зоран Илиев.



## ИНТЕГРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ КАЈ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека исто физичко или правно лице може истовремено да се јави како сопственик на: 1) еден радиодифузер на државно ниво и уште еден радиодифузер на државно ниво, но не повеќе од 50% од сопственичкиот капитал на вториот радиодифузер, 2) еден радиодифузер на државно ниво, еден на регионално и два на локално ниво, при што подрачјата на локално ниво не се соседски, 3) два радиодифузери на регионално ниво (на несоседски подрачја) и два на локално ниво (на несоседски подрачја), и 4) три радиодифузери на локално ниво (на несоседски подрачја).

Во моментот на пишување на оваа анализа, сопственичка поврзаност кај радиодифузерите постои во четири случаи, и тоа помеѓу: ТВ Шења и ТВ Ера, Наша ТВ и РА РФМ, ТВ Полог и ТВ Ускана медиа и РА Метрополис и РА Сити.

Имено, ТВ Шења, којашто емитува програма на државно ниво, и ТВ Ера, која поседува дозвола за емитување на регионално ниво, се во целосна сопственост на Друштвото за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје. Единствен сопственик на Наша ТВ и на регионалната радиостаница РФМ е Ристо Гоговски, регионалната ТВ Полог и локалната ТВ Ускана медиа се во сопственост на Мунир Мехдиу, додека лицето Дарко Гелев се јавува како сопственик на 50,04% од основачкиот капитал на РА Метрополис, која емитува радиопрограма на државно ниво, и како единствен сопственик на регионалната РА Сити.



## ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2020 ГОДИНА

Во 2020 година, Советот на Агенцијата донесе четири одлуки со коишто дозволи промена на сопственичката структура на локалните радиостаници Фама и Кисс, локалната телевизија Канал Визија[6] и радиостаницата Јон, која емитува програма на државно ниво.

Согласно член 41 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово во јули достави до Агенцијата Известување за промена на сопственичката структура. Доставената документација не беше уредна, поради што Агенцијата писмено го извести радиодифузерот и побара да го доуреди Известувањето. Во август радиостаницата достави ново Известување, кое повторно не беше уредно. ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово ја комплетираше потребната документацијата на почетокот од септември. Побараната промена се однесуваше на целосно истапување од сопственичката структура на двајцата тогашни сопственици – физичките лица Мухамер Асани и Ајет Демири од Тетово, и пристапување на физичкото лице Енкелејда Шелбурне од Тирана, Република Албанија. Откако беше констатирано дека со предложената промена не се прекршуваат одредбите од ЗААВМУ, Советот на Агенцијата донесе одлука со којашто ја одобри промената.

ТРД РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово достави Известување за промена на сопственичката структура во септември. При увид во доставената документацијата беше констатирано дека не е уредна, поради што од радиодифузерот беше побарано истата да ја доуреди. Со Известувањето беше побарана согласност за истапување на физичкото лице Габриела Ѓурчиноска од Тетово и за пристапување на физичкото лице Зоран Тодоровски од Тетово. Откако констатираше дека нема законски пречки ова лице да се јави како сопственик на радиодифузер, Советот ја одобри и оваа промена.

Истиот месец, согласност за промена на сопственичката структура побара и ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје. Имено, овој радиодифузер побара од Агенцијата да одобри од сопственичката структура да истапи правното лице Друштво за трговија и услуги ФИНИНВЕСТ КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, кое поседуваше 52% од основната главнина на радиодифузерот, а да пристапи, односно неговиот удел да се пренесе на физичкото лице Цветан Настевски од Скопје. Бидејќи предложената промена беше во согласност од одредбите од Законот, Советот донесе одлука со која дозволи истата да се реализира.

[6] Поради неплаќање на надоместокот за дозвола за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, во октомври 2020 година Агенцијата ја одзеде дозволата на овој радиодифузер

По претходно добиено Известување за промена на сопственичката структура (во октомври) од страна на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, Советот на Агенцијата донесе одлука со која дозволи промена во сопственичката структура и на овој радиодифузер. Промената се однесуваше на пренесување на дел од уделите на тогашните сопственици, физичките лица Гоце Стојковски од Гостивар и Фисник Татеши од Струга, на физичкото лице Андреј Стојков од Кочани.

**Табела 7: Сопственичка структура пред и после одобрената промена**

| радиодифузер | сопственик/ци пред промената и удел во сопственоста | сопственик/ци после промената и удел во сопственоста |
|---|---|---|
| РА Фама | Мухамер Асани – 50%<br>Ајет Демири – 50% | Енкелејда Шелбурне – 100% |
| РА Кисс | Габриела Ѓурчиноска – 100% | Зоран Тодоровски – 100% |
| ТВ Канал Визија | Бранкица Мавчева – 48%<br>Друштво за трговија и услуги ФИНИНВЕСТ КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје – 52% | Бранкица Мавчева – 48%<br>Цветан Настевски – 52% |
| РА Јон | Гоце Стојковски – 50%<br>Фисник Татеши – 50% | Гоце Стојковски – 37,5%<br>Фисник Татеши – 37,5%<br>Андреј Стојков – 25% |

## СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Податоците за сопственоста на издавачите на печатени медиуми Агенцијата ги обезбеди од нивните објави во дневен весник – обврска којашто за нив е утврдена во Законот за медиуми, со цел да се обезбеди јавност во нивното работење. Поточно, оваа обврска подразбира објавување на податоците за: називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на нивно стекнување. Освен објавите, за утврдување на нивната сопственичка структура Агенцијата користеше и податоци од тековни состојби издадени од Централниот регистар на РС Македонија.

Во периодот на пишување на оваа анализа, во регистарот на издавачи на печатени медиуми кој го води Агенцијата беа евидентирани 22 субјекти, кои издаваат вкупно 27 медиуми. Најголем дел од нив (16 издавачи) се во сопственост само на физички лица, и тоа девет се во целосна сопственост на по едно физичко лице, шест имаат по двајца сопственици, а еден има 15 сопственици. Податоците за овие издавачи, односно податоците за весникот/магазинот кој го издаваат, името и презимето на сопственикот/ците и за уделот кој тие лица го поседуваат се дадени во табелата подолу.

**Табела 8: Издавачи на печатени медиуми во сопственост на физички лица**

| Бр. | Издавач на печатен медиум | Сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|---|
| 1 | Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје (издавач на „Вечер“) | Сашо Богдановски – 100% |
| 2 | Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје (издавач на„ Коха“) | Лирим Дулови – 60%<br>Арбен Раткоцери – 40% |
| 3 | Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДОО Скопје (издавач на „Фокус“) | Јадранка Костова – 40%<br>Биљана Трошановска – 60% |
| 4 | Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола (издавач на „Битолски весник“) | Васка Младеновска – 100% |
| 5 | Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје (издавач на „М Машки Магазин/Авто плус“) | Виктор Кошевалиски – 100% |
| 6 | Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје (издавач на „Јени Балкан“, „Бахче“ и „Јени Балкан Хафталик Бултен“) | Муртеза Сулооџа – 100% |
| 7 | Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје (издавач на „Лајм“) | Фејзи Ајдари – 100% |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје (издавач на „Економија и бизнис“) | Весна Јовановска - 68,5%<br>Зоран Јовановски – 31,5% |
| 9 | Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје (издавач на „Портрет“) | Ружица Антиќ – 100% |
| 10 | Друштво за производство,трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип (издавач на „Штипски глас“) | Иванчо Бојаџиски – 100% |
| 11 | Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје (издавач на „Убавина и здравје“, „Добра храна“ и „Руски доктор“) | Александар Наков – 51%<br>Јована Стојменовиќ – 49% |
| 12 | Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје (издавач на „Порта 3“) | Александар Белев – 5%<br>Љупчо Атанасовски – 5%<br>Виктор Каранфилов – 10%<br>Филип Филипоски – 5%<br>Гоце Адамчески – 5%<br>Предраг Мојсовски – 5%<br>Стефан Каратуков – 5%<br>Елена Филипоска – 5%<br>Горан Јовановски – 5%<br>Весна Гогова – 4%<br>Емилија Петровска – 9%<br>Александра Петровска – 9%<br>Коста Костов – 10%<br>Сандра Дончева – 9%<br>Вања Дончева – 9% |
| 13 | Друштво за медиуми, издаваштво и маркетинг ЕХО МЕДИА ГРУПА ДООЕЛ Скопје (издавач на „Скопско Ехо“ и „Македонско Ехо“) | Костадин Андоноски – 100% |
| 14 | Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп (издавач на „Зенит“) | Светлана Ристеска – 50%<br>Љупчо Мургоски – 50% |
| 15 | Друштво за реклама и пропаганда КЛИКЕР МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје (издавач на „InStore“) | Верица Мартиновска – 100% |
| 16 | Друштво за развој на научно-техничка култура ЕМИТЕР ДОО Скопје (издавач на „Емитер“) | Сашко Таневски – 25%<br>Слободан Таневски – 75% |

Во сопственост само на правно лице е издавачот на весникот „Нова Македонија“ - Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје. Единствен сопственик на овој субјект е правното лице РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД, со седиште на Британските Девствени Острови.

**Табела 9: Издавачи на печатени медиуми во сопственост на правни лица**

| Бр. | Издавач на печатен медиум | Сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|---|
| 1 | Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје (издавач на „Нова Македонија“) | РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД, Британски Девствени Острови - 100% |

Два издавачи на печатени медиуми имаат мешана сопственост, односно како нивни сопственици истовремено се јавуваат физички и правни лица. Станува збор за Друштвото за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат“ и Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“.

**Табела 10: Издавачи на печатени медиуми во сопственост на физички и правни лица**

| Бр. | Издавач на печатен медиум | Сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|---|
| 1 | Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје (издавач на „Слободен печат“) | Владимир Гаљак, Белград – 50%<br>Друштво за печатење, дистрибуција и услуги ПЕЧАТ МК ДОО Скопје – 50% |
| 2 | Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје (издавач на „Капитал“) | Љупчо Зиков - 6,09%<br>Друштво за производство, трговија и услуги КАМБУРИС и БАРБА ДОО увоз извоз Скопје - 41,39%<br>Репро Оне Лимитед, Британски Девствени Острови - 51%<br>Гордана Стојановска-Ицевска - 1,52% |

Сопственици на Друштвото за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје се физичкото лице Владимир Гаљак од Белград и правното лице Друштво за печатење, дистрибуција и услуги ПЕЧАТ МК ДОО Скопје, секое со учество од по 50% во основната главнина. Овој правен субјект е во сопственост на две физички лица.



Како сопственици на Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје се јавуваат две физички и две правни лица. Повеќе од половината од основната главнина на овој субјект (51%) е во сопственост на РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД, а позначаен удел (41,39%) има и второто правно лице - Друштвото за производство, трговија и услуги КАМБУРИС и БАРБА ДОО увоз извоз Скопје, кое е е во сопственост на физичките лица Ленче Зикова и Љупчо Зиков.




Од вкупно 22 издавачи на печатени медиуми, три се здруженија и токму поради тоа тие немаат сопственици. Податоците за овие правни лица се претставени во следната табела.

**Табела 11: Здруженија кои издаваат печатени медиуми**

| Бр. | Издавач на печатен медиум | Овластено лице |
|---|---|---|
| 1 | Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје (издавач на „Шења“) | Исмаил Бериша |
| 2 | Здружение за едукација на земјоделците ЗЕЛЕНА БЕРЗА, Битола (издавач на „Зелена берза“) | Олгица Трандафиловска |
| 3 | Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје (издавач на „Лице в лице“) | Климентина Илијевски |